Друштво за производство и трговија
на крзно и крзнени производи
Димко Митрев а.д. увоз-извоз
Бр. 0201-207
13. 05. 2025 год.
Велес

Врз основа на чл. 395 ст.2 и 3 од ЗТД и чл. 51 од Статутот на Димко Митрев АД Велес Собранието на Друштвото за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев АД Велес, со седиште на ул. Димко Најдов бр. 94 Велес на својата седница одржана на ден 13.05.2025 година ја донесе следната

ОДЛУКА
за претседавач на собранието на Акционери

За претседавач на собранието со мандат до одржување ново собрание на акционери се избира **Никола Благаој Шоптрајанов**-акционер во друштвото.

Оваа одлука стапува во сила на денот на донесувањето.

Претседавач на собрание на Акционери
на АД Димко Митрев
Никола Шоптрајанов

Друштво за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев а.д. увоз-извоз Велес

Друштво за производство и трговија
на крзно и крзнени производи
Димко Митрев а.д. увоз-извоз
Бр. 0201-208
13. 05. 2025 год.
Велес

Врз основа на член 383 став1 точка 2 од ЗТД и член 50 ст.1 точка 6 од Статутот на Димко Митрев АД Велес - Собранието на Друштвото за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев АД увоз - извоз Велес, со седиште на ул. Димко Најдов бр.94, 1400 Велес на својата седница одржана на ден 13.05.2025 година ја донесе следната

ОДЛУКА
за усвојување на годишната сметка, финансиски извештаи економско финансиска ревизија и извештајот за работа на друштвото - АД Димко Митрев

Се усвојува годишната сметка, финансиските извештаи и независниот ревизорски извештај за финансиското работење на друштвото Димко Митрев АД Велес за 2024 година сочинет од

Друштвото за ревизија - Којзаклиев - Павлеска ДОО Скопје.

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Претседател на собрание на
Акционери на АД Димко Митрев Велес
Никола Шоптрајанов

Друштво за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев а.д. увоз-извоз Велес 1

Друштво за производство и трговија
на крзно и крзнени производи
Димко Митрев а.д. увоз-извоз
Бр. 0201 - 209
13.05. 2025 год.
Велес

Врз основа на член 384 ст.2 точка 5 од ЗТД и чл. 50 ст.1 точка 5 од Статутот - Собранието на Друштвото за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев АД Велес, со седиште на ул. Димко Најдов бр. 94 Велес на својата седница одржана на ден 13.05.2025 ја донесе следната

ОДЛУКА
за одобрување на извештајот за работа на одборот на директори за 2024 година

Собранието едногласно го усвои извештајот за работата на одборот на директори за 2024 година и ја одобри нивната работа и раководење со друштвото на

1.Атанас Киров ул. Благој Ѓорев бр. 137/5-1 - 1400 Велес со - занимање технолог инженер.

2.Мери Кировска ул. Коце Димов Витамин бр. 8А- 1400 Велес по занимање економист .

3.Ангел Шоптрајанов ул. Кузнам Јосифовски Питу бр. 31 1400 Велес по професија Адвокат.

4.Димов Тони ул. Sjohagsvagen 15, 518 43 Sjomarken/Boras Sweden по занимање економист - менаџер за продажба - независен.

5.Антон Јовиќ ул.8-ми Септември 19-7 - 1400 Велес - по занимање - инженер.

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на собрание на Акционери
на АД Димко Митрев
Никола Шоптрајанов

Друштво за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев а.д. увоз-извоз Велес

Друштво за производство и трговија
на крзно и крзнени производи
Димко Митрев а.д. увоз-извоз
Бр. 0201-210
13.05. 2025 год.
Велес

Врз основа на чл. 383 ст.1 т.2, чл. 384 ст.2 т.2 од ЗТД и чл. 50 ст.1 т.6 од Статутот на Димко Митрев АД Велес

Собранието на Друштвото за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев АД Велес, со седиште на ул. Димко Најдов бр. 94 Велес на својата седница одржана на ден 13.05.2025 ја донесе следната

ОДЛУКА

за распоредување на добивката за 2024 година

Собранието на акционери ја разгледа и усвои предлог одлуката на Одборот на директори - нето добивката по одаточување по годишната сметка за 2024 година која изнесува **129.377,оо денари** да се распредели за инвестиции во друштвото.

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Претседател на собрание на
Акционери на АД Димко Митрев Велес
Никола Шоптрајанов

Друштво за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев а.д. увоз-извоз Велес 1

Друштво за производство и трговија
на крзно и крзнени производи
Димко Митрев а.д. увоз-извоз
Бр. 0201-211
13. 05. 2025 год.
Велес

Врз основа на член 383 ст.1 точка 8 од ЗТД и чл. 50 ст.1 т.7 од Статутот на Димко Митрев АД Велес - Собранието на Друштвото за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев АД увоз - извоз Велес, со седиште на ул. Димко Најдов бр. 94, Велес на својата седница одржана на ден 13.05.2025 година ја донесе следната

ОДЛУКА
за назначување на овластен ревизор за ревизија на финансиските извештаи за 2025 година

За овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и годишниот извештај за остварените резултати за 2025 година се назначува

ТП за ревизија КОТЕВ - Гевгелија

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

Претседавач на собранието на Акционери на
АД Димко Митрев Велес
Никола Шоптрајанов

Друштво за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев а.д. увоз-извоз Велес 1

Друштво за производство и трговија
на крзно и крзнени производи
Димко Митрев а.д. увоз-извоз
Бр. 0201-212
13. 05. 2025 год.
Велес

Врз основа на член 415 в.в. со став 4 од ЗТД - Собранието на Акционери на Друштвото за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев АД увоз - извоз Велес, со седиште на ул. Димко Најдов бр.94, 1400 Велес, на својата седница одржана на ден 13.05.2025 година ја донесе следната

ОДЛУКА

за усвојување - одобрување на годишниот извештај на службата за внатрешна ревизија на Друштвото Димко Митрев за 2024 година

Собранието на Акционери го разгледа и усвои - одобри предлогот на Одборот на директори да се одобри годишниот извештај на службата за внатрешна ревизија за 2024 година.

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на Акционери
на АД Димко Митрев Велес
Никола Шоптрајанов

Друштво за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев а.д. увоз-извоз Велес 1

Друштво за производство и трговија
на крзно и крзнени производи
Димко Митрев а.д. увоз-извоз
Бр. 0201-213
13.05. 2025 год.
Велес

Врз основа на чл.367од ЗТД и чл. 50 ст.1 т.4 од Статутот на Димко Митрев АД Велес

Собранието на Акционери на Друштвото за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев АД Велес, со седиште на ул. Димко Најдов бр. 94 Велес на својата седница одржана на ден 13.05.2025 ја донесе следната

ОДЛУКА

за отповикување на членовите на одборот на директори

Се отповикуваат членовите на одборот на директори поради изминат мандат

1.Атанас Киров ул. Благој Ѓорев бр. 137/5-1 - 1400 Велес со - занимање технолог инженер.

2.Мери Кировска ул. Коце Димов Витамин бр. 8А- 1400 Велес по занимање економист .

3.Ангел Шоптрајанов ул. Кузнам Јосифовски Питу бр. 31 1400 Велес по професија Адвокат.

4.Димов Тони ул. Sjohagsvagen 15, 518 43 Sjomarken/Boras Sweden по занимање економист - менаџер за продажба - независен.

5.Антон Јовиќ ул.8-ми Септември 19-7 - 1400 Велес - по занимање - инженер.

Собранието на Акционери на Димко Митрев АД Велес ги овласти

Адвокат Никола Шоптрајанов и Адвокат Ангел Шоптрајанов со седиште на

ул. Булевар Климент Охридски бр. 30 кат 1 - 1000 Скопје - да ја подготват целокупната потребна документација и ја спроведат оваа одлука во Централниот регистар на РСМ во законски предвидениот рок.

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Претседател на собрание на
Акционери на АД Димко Митрев Велес
Никола Шоптрајанов

Друштво за производство и трговија на крзно и крзнени производи
Димко Митрев
а.д. увоз-извоз
Велес
1

Друштво за производство и трговија
на крзно и крзнени производи
Димко Митрев а.д. увоз-извоз
Бр. 0201-213/1
13.05.2025 год.
Велес

Врз основа на чл.367од ЗТД и чл. 50 ст.1 т.4 од Статутот на Димко Митрев АД Велес

Собранието на Акционери на Друштвото за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев АД Велес, со седиште на ул. Димко Најдов бр. 94 Велес на својата седница одржана на ден 13.05.2025 ја донесе следната

ОДЛУКА

за именување на неизвршни членови на одборот на директори

За неизвршни членови на одборот на директори на друштвото Димко Митрев АД Велес со мандат од четири години се именуваат

1.Атанас Киров ул. Благој Ѓорев бр. 137/5-1 - 1400 Велес со - занимање технолог инженер.

2.Пенка Џипунова ул.Благој Ѓорев бр.97/1-13 - 1400 Велес по занимање дипломиран економист .

3.Ангел Шоптрајанов ул. Кузнам Јосифовски Питу бр. 31 1400 Велес по професија Адвокат.

4.Димов Тони ул. Sjohagsvagen 15, 518 43 Sjomarken/Boras Sweden со ЕМБГ 7212195119 по занимање економист - менаџер за продажба - независен.

Собранието на Акционери на Димко Митрев АД Велес ги овласти Адвокат Никола Шоптрајанов и Адвокат Ангел Шоптрајанов со седиште на

ул. Булевар Климент Охридски бр. 30 кат 1 - 1000 Скопје - да ја подготват целокупната потребна документација и ја спроведат оваа одлука во Централниот регистар на РСМ во законски предвидениот рок.

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Претседател на собрание на
Акционери на АД Димко Митрев Велес
Никола Шоптрајанов

Друштво за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев а.д. увоз-извоз Велес 1

Друштво за производство и трговија
на крзно и крзнени производи
Димко Митрев а.д. увоз-извоз

Бр. 0201-214
13.05. 2025 год.
Велес

Врз основа на чл. 383 ст.1 точка 1 и чл. 417 од Законот за Трговски друштва, чл. 133, 135 и 136 од Статутот на Друштвото за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев АД Увоз Извоз Велес (во понатамошниот текст Друштво)

Собранието на Акционери на Друштвото АД Димко Митрев Велес на својата седница одржана на 13.05.2025 година ја донесе следната

ОДЛУКА

За измени и дополнувања на
Статутот на Димко Митрев АД Велес со пречистен текст

Измените и дополнувањата на Статутот на Димко Митрев АД Велес се однесуваат на следното

1.**Членот 72 ст.1** се менува и гласи

„Одборот на директорите **има 4 (четири) члена** од кои 3 (три) неизвршни членови кои се именуваат како неизвршни директори на Одборот на Директори (во понатамошниот текст неизвршни членови) и 1 (еден) извршен член на одборот на директори (во понатамошниот текст - Генерален извршен директор)„.

2.Членот 73 ст.1 се менува и гласи

„Сите 4 (четири) члена на Одборот на директори, како неизвршни директори ги именува Собранието на друштвото со мандат од четири години, со мнозинство гласови од акциите со право на глас од кворумот определен за работа на Собранието со овој статут„

3.Членот 74 став 2 се менува и гласи

„Претседателот на одборот на директорите се грижи за работата на одборот на директорите, ги свикува седниците на одборот на директорите, со нив раководи и во случај на изедначено гласање при носење на одлуките на одборот на директорите (два со два гласа) - неговиот глас е одлучувачки.

Другите одредби од Статутот на Димко Митрев АД Велес остануваат непроменети.

Се овластува одборот на директори да подготви пречистен текст на Статуот на АД Димко Митрев Велес.

Собранието на Акционери на Димко Митрев АД Велес ги овласти

Адвокат Никола Шоптрајанов и Адвокат Ангел Шоптрајанов со седиште на

ул. Булевар Климент Охридски бр. 30 кат 1 - 1000 Скопје - да ја подготват целокупната потребна документација и ја спроведат оваа одлука во Централниот регистар на РСМ во законски предвидениот рок.

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Имајќи ја потребата од поефикасно и поекономично работење на одборот на директори на АД Димко Митрев Велес, Собранието на Акционери на АД Димко Митрев Велес на својата седница одржана на 13.05.2025 година одлучи да донесе одлука за промена на статутот во однос на намалување на бројот на членови на одборот на директори од 5 (пет) на 4 (четири) члена.

Собранието на Акционери го овласти одборот на директори да подготви - пречистен текст на Статутот на АД Димко Митрев АД Велес.

Претседател на собрание на Акционери
на АД Димко Митрев Велес
Никола Шоптрајанов

Друштво за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев а.д. увоз-извоз Велес 1

Друштво за производство и трговија
на крзно и крзнени производи
Димко Митрев а.д. увоз-извоз
Бр. 0201-215
13. 05. 2025 год.
Велес

Врз основа на член 92 од Статутот на АД Димко Митрев Велес и член 365 од Законот за трговски друштва,

Собранието на Акционери на Друштвото за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев АД Велес, со седиште на ул. Димко Најдов бр. 94 Велес на својата седница одржана на ден 13.05.2025 ја донесе следната

ОДЛУКА

за утврдување на месечен надоместок на неизвршни членови на Одборот на директори на АД Димко Митрев Велес

Собранието на Акционери на АД Димко Митрев Велес ја прифати предлог одлуката на одборот на директори на АД Димко Митрев Велес и одлучи месечниот надоместок на членовите на одборот на директори во АД Димко Митрев Велес да изнесува

1. За учество во работата на Одборот на директори на АД Димко Митрев Велес се предвидува **месечен паушал** за неизвршните членови на одборот на директори во **нето износ од**
   - **250,оо ЕУР (со букви – двеста евра)** во денарска противредност според средниот курс на НБРМ - тековно на денот на испалата

   -за избраниот Претседател на одборот на директори на АД Димко Митрев Велес од страна на неизвршните членови на одборот на директори - надоместокот ќе изнесува **325,оо евра месечно (со букви - тристадваесетипет евра)** во денарска противредност според средниот курс на НБРСМ на денот на исплатата и

   за сите членови на одборот на директори следува
   - право на осигурување на живот -**менаџерско осигурување** во Осигурителна компанија во Република Македонија во висина од - **100 ЕУР (со букви – сто евра) месечно.**

2.Оодлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување, а доколку а **ќе се применува од 01.06.2025 година.**

За АД Димко Митрев Велес
Претседавач наСобрание на Акционери
Никола Шоптрајанов

Друштво за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев а.д. увоз-извоз Велес 1

Друштво за производство и трговија
на крзно и крзнени производи
Димко Митрев а.д. увоз-извоз
Бр. 0201-216
13.05. 2025 год.
Велес

Врз основа на чл. 86 од Статутот на Димко Митрев АД Велес

Собранието на Акционери на Друштвото за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев АД Велес, со седиште на ул. Димко Најдов бр. 94 Велес на својата седница одржана на ден 13.05.2025 ја донесе следната

ОДЛУКА

за проширување на кредитната рамка задолжување и обезбедување со меници на АД Димко Митрев во Комерцијална банка АД Скопје

Собранието на Акционери на АД Димко Митрев донесе одлука за задолжување и обезбедување со меници за склучување на Анекс бр. 1 кон Договорот за рамковен револвинг - кредит лимит во Комерцијална банка АД Скопје,

врз основа на заложно право со кој износот на рамковниот кредит лимит - бр. 02-100-1420/2 од 27.03.2020 година се зголемува до максимален износ од ЕУР 1.200.000,оо со продолжување на рокот за 8 години и истото се обезбедува со 3 (три) бланко сопствени акцептирани и трасирани меници издадени од Димко Митрев АД Велес во форма на Нотарски Акт.

Собранието на АД Димко Митрев потврдува дека оваа одлука преставува зделка од 18,68% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото Димко Митрев АД Велес, по последната ревидирана завршна сметка и не подлежи на одобрување според правилата за одобрување на голема зделка.

Собранието на АД Димко Митрев ја носи оваа одлука согласно чл. 86 од Статутот на друштвото за задолжување на друштвото Димко Митрев АД Велес, кое сега изнесува 58,68 % проценти, од основната главнина на друштвото.

Собранието го овластува Извршниот директор на Димко Митрев АД Велес - Г-дин Атанас Киров да ја потпиша целокупната документација за реализација на оваа одлука.

Оваа одлука стапува на сила од денот на донесувањето.

За Димко Митрев АД Велес
Претседавач на Собрание на Акционери
Никола Шоптрајанов

Друштво за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев а.д. увоз-извоз Велес 1

Друштво за производство и трговија
на крзно и крзнени производи
Димко Митрев а.д. увоз-извоз
Бр. 0201-21611
13. 05. 2025 год.
Велес

Врз основа на чл. 86 од Статутот на Димко Митрев АД Велес

Собранието на Акционери на Друштвото за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев АД Велес, со седиште на ул. Димко Најдов бр. 94 Велес на својата седница одржана на ден 13.05.2025 ја донесе следната

ОДЛУКА

за проширување на кредитната рамка задолжување и заложување на АД Димко Митрев Велес во Стопанска банка АД Битола

Собранието на Акционери на АД Димко Митрев донесе одлука за задолжување и заложување односно зголемување на рамковен лимит на кредитна изложеност бр. 08-1433/2 од 07.04.2014 година - за зголемување на износ од 65.000.000,оо денари на 85.000.000,оо денари со продолжување на рокот на важност на дополнителни 10 години од датумот на склучувањето на Анекс договорот бр. 4 кој основниот договор за рамка лимит.

За оваа цел Собранието одлучи да се даде обезбедување/залог/хипотека детално наведена во одлуката на банката Имотен лист 2520 за КО Велес лист В - прв и втор ред,Имотен лист бр. 36265 за КО Велес, две меници во форма на нотарски акт издедено од АД Димко Митрев, залог на машини и опрема.

Собранието на АД Димко Митрев потврдува дека оваа одлука преставува зделка од 21,52% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото Димко Митрев АД Велес, по последната завршна сметка од 2024 и според одредбите на ЗТД е голема зделка и потпаѓа под правилата за одобрување на голема зделка.

Собранието го овластува Извршниот директор на Димко Митрев АД Велес - Г-дин Атанас Киров да ја потпиша целокупната документација за реализација на оваа одлука.

Оваа одлука стапува на сила од денот на донесувањето.

За Димко Митрев АД Велес
Претседавач на Собрание на Акционери
Никола Шоптрајанов

Друштво за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев а.д. увоз-извоз Велес 1